Број на Службен весник:53/2016
Датум на објава на Службен весник:21.03.2016
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН

## Член 1

Во Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија“ број 51/11, 148/13, 41/14 и 130/14), во членот 3 став (5) точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Во ставот (6) точка 5 во алинејата 4 запирката се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

## Член 2

Во членот 8 став (8) се менува и гласи:

„(8) Доколку во постапката по жалба, првостепениот орган не постапи по барањето на Државната комисија за доставување на списите по предметот во утврден рок, Државната

комисија може да ја реши правната работа и без списите на предметот.”

Ставовите (9) (10) (11) (12) (13) (14) (15) (16) (17) (18) (19) и (20) се бришат.

## Член 3

По членот 8 се додава нов член 8-а, кој гласи:

„Член 8-а

(1) Државната комисија е должна да овласти лице-член или административен службеник да ја води постапката по жалба.

(2) Кога второстепениот орган постапува по изјавена жалба против управен акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање, овластеното службено лице од ставот (1) на овој член е должно во рок од 10 дена од денот на приемот на жалбата да побара од првостепениот орган да ги утврди сите факти и да ги прибави сите докази во врска со предметот, потребни за решавање на истиот.

(3) Овластеното службено лице од првостепениот орган е должно во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член да ги утврди бараните факти и да ги прибави сите докази во врска со предметот, потребни за решавање на истиот и за тоа да ја извести Државната комисија.

(4) Ако овластеното службено лице од ставот (1) на овој член нема стручно знаење за некој факт што е важен за решавање на предметот, Државната комисија може во рок од 10 дена од денот на приемот на жалбата да определи вештак или друго стручно лице по службена должност или по барање на странката.

(5) Вештакот или другото стручно лице од ставот (4) на овој член е должно да го изготви и да го достави својот наод, односно стручно мислење во рок од 30 дена од денот на неговото определување.

(6) Доколку жалбата на странката се однесува на барање за остварување на право и правен интерес, кое е врзано со издавање на управен акт кој не може да биде заменет со акт на Државната комисија, а Државната комисија решавајќи по предметот одлучи дека барањето на странката е основано е должна да го задолжи првостепениот орган да го издаде таквиот акт, во рок не подолг од седум дена со точно наведување на диспозитивот на актот.

(7) Овластеното службено лице од првостепениот орган е должно во рокот утврден во ставот (6) на овој член да постапи по задолжувањето на Државната комисија.“.

**Член 4**

По членот 10 се додава нов член 10-а, кој гласи:

„Член 10-а

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Државната комисија ако не побара од првостепениот орган да ги утврди сите факти во врска со предметот, потребни за решавање на истиот во рокот утврден во членот 8-а став (2) од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од првостепениот орган ако не ги утврди фактите и за тоа не ја извести Државната комисија во рокот утврден во членот 8-а став (3) од овој закон.“.

**Член 5**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 6**

Одредбите од членот 2 став (2), членот 3 и членот 4 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат со отпочнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно член 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15).

**Член 7**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.